Место за растење:
Општини посветени
на децата

Меѓународна конференција

# Креирај го твоето место за растење

**25 октомври, 09:00 - 14:15**

Хотел Холидеј Ин, Скопје



ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

КМОП СКОПЈЕ

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Финансиран од ЕвропскаФинансирано од Европската Унија. Оваа содржина е единствена одговорност на партнерските организации и не нужно ги одразува ставовите на Европската Унија.

Центарот за семејно и детско згрижување (КМОП Скопје), во соработка со нашиот почитуван партнер, Првата детска амбасада во светот Меѓаши, со задоволство ве поканува на Меѓународната конференција **„Креирај го твоето место за растење“.** Овој настан ќе ги нагласи ефикасните заеднички напори за доброто на децата на локално ниво.

Конференцијата ќе се одржи на **25 октомври 2023** година, со почеток од **09:00 до 14:15** часот, во Хотел Холидеј Ин, ул. Филип Втори **Македонски 5, Скопје.**

Оваа конференција ќе служи како платформа за споделување знаења, искуства и најдобри практики во спроведувањето на иницијативи посветени на децата низ Европа, и ќе ги собере на едно место главните говорници, претставниците од канцелариите на УНИЦЕФ од Северна Македонија, Австрија, Германија и Грција, општина Катерини од Грција, општина Крефелд од Германија, заедно со локални власти од земјава, Здружението на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС), академици, граѓански организации, деца и млади луѓе, како и други засегнати страни.



Нашата примарна цел е да ја поттикнеме соработката, овозможувајќи пристап до поефикасни и повлијателни напори во заштитата на правата на децата и дополнително, овозможувајќи им на локалните власти во земјата да добијат увид во праксата на водечките локални власти во Европската унија кои се посветени на децата и кои имаат долгогодишно искуство во локалното планирање за децата.

**Место за растење: Општини посветени на децата**

Ве молиме погледнете ја сеопфатната програма подолу во документот, која содржи динамични презентации, панели и интерактивни работилници.

**Присуството е бесплатно.**

Доколку сте заинтересирани да присуствувате, Ве молиме пријавете го вашето присуство тука најдоцна до **20 октомври 2023** година.

**Регистрирајте се тука**



Настанот е организиран во рамките на проектот „Место за растење - Општини посветени на децата“, финансиран од Европската Унија.

За повеќе информации посетете ја страницата **www.placetogrow.mk** или контактирајте не на **contact@placetogrow.mk**


Финансирано од Европска Унија

Место за растење: Општини посветени на децата

## Агенда на конференцијата

**09:00 - 09:30** **Пријавување и добредојде**

**09:30 - 10:00** **Отворање на настанот**

Вовед и модератор: Јана Николовска, средношколка во СУГС Орце Николов и волонтерка во Првата детска амбасада во светот Меѓаши

Воведни говори
**Мари-Мадлин Канелопулу**, раководителка на сектор во Делегацијата на ЕУ
**Кристина Василеска**, директорка на Центар за семејно и детско згрижување – КМОП Скопје

**10:00 - 10:40** **Сесија 1: Градење општини посветени на децата**

Проект - Место за растење: Општини посветени на децата
**Матеа Чанкуловска**, средношколка во СУГС Никола Карев и волонтерка во Првата детска амбасада во светот Меѓаши

Учеството на децата и нивното влијание врз процесот на донесување одлуки
**Драги Змијанац**, претседател на Првата детска амбасада во светот Меѓаши

Создавање општини кои ќе бидат посветени на децата
**Патриција Ди Џовани**, претставник на УНИЦЕФ во Република Северна Македонија

Улогата на локалните власти во зајакнувањето на правата на децата
**Орце Георгиевски**, градоначалник на општина Кисела Вода и претседател на

Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС)
Локални власти посветени на децата – Општина Виница
**Миле Петков**, градоначалник на општина Виница

Откривање на потенцијалот: поттикнување на инклузивни заедници за деца со попреченост
**д-р Ангелка Кескинова**, доцент, Институт за семејни студии, Филозофски факултет Скопје

Увид во важноста општините да бидат посветени на децата
**Димитар Георгиев**, средношколец во СУГС Георги Димитров и волонтер во Првата детска амбасада во светот Меѓаши

Прва детска амбасада во светот Меѓаши, Република Македонија
КМОП Скопје
Финансирано од Европска Унија
ЕУ со ТЕБЕ

Место за растење:
Општини посветени на децата

# Агенда на конференцијата

**10:40 - 12:00** **Сесија 2: Учење од искуствата на ЕУ**

Иницијативата на УНИЦЕФ за градови посветени на децата во Грција: Студија на случај од општина Катерини
**Ставрула (Лина) Антара**, службеник за развој на млади и адолесценти, канцеларија на УНИЦЕФ во Атина, Грција
**Катерина Самали**, контакт лице за координација на ИГПД од општина Катерини, Грција

Австриски заедници посветени на семејството и децата – иницијатива за зајакнување на семејствата и остварување на правата на децата на локално ниво
**Јулија Вогербауер**, службеник за застапување и права на детето, Австриски национален комитет за УНИЦЕФ, Виена, Австрија
**М-р Елизабет Венцл**, управен директор за Familie & Beruf Management GmbH, Виена, Австрија

Спроведување на правата на децата во локалните структури и проекти - цели и предизвици
**Хајке Тафелмаер**, координатор за иницијативата за заедници посветени на децата, град Крефелд, Германија

Сесија за прашања и одговори.

**12:00 - 12:20** **Кафе пауза**

**12:20 -14:00** **Сесија 3: Примена на научените искуства**
Работилница: Визијата за мојата општина посветена на децата
Пленарни презентации

**14:00 - 14:15** **Завршни зборови и заклучоци**

**14:15** **Ручек и вмрежување**

Место за растење: Општини посветени на децата

## Меѓу говорниците од земјите на ЕУ:



**Лина Антара** работи како службеник за развој на млади и адолесценти во канцеларијата на УНИЦЕФ во Грција и ја координира иницијативата на УНИЦЕФ за градови посветени на децата од 2021 година. Претходно работела како службеник за врски во Верификационата мисија на Обединетите нации во Колумбија, фокусирајќи се на социо-економската и политичката реинтеграција на поранешните борци и нивните семејства. Пред тоа, работела како програмски службеник во Меѓународниот институт за демократија и изборна помош во Шведска и Мјанмар, специјализирана за политичко вклучување на маргинализираните групи. Исто така служела како набљудувач на избори со Европската унија и Организацијата на американски држави во Либерија и Панама. Лина студирала право на Универзитетот Аристотел во Солун (Грција) и магистрирала по европско право на Универзитетот во Луксембург и има завршено постдипломски студии по Меѓународно набљудување на избори и изборна помош на Универзитетот во Баскија (Шпанија).

**Катерина Самали** работи во општина Катерини како општествен научник во последните 15 години. Европските програми во кои има долгогодишно искуство се следните: Градинки, Центри за креативно вработување на деца со попреченост и Центри за креативно вработување на деца, Дневен центар за стари лица, Центар на заедницата со огранок за Роми. Таа го претставува својот град и Грција на европски конференции во Грција и во странство. Исто така е и координативно лице за контакт за општина Катерини во спроведувањето на Иницијативата на УНИЦЕФ „Градење на градови посветени на децата“. Организира акции за подигање на свеста на локалната заедница за борба против дискриминацијата на Ромите и лицата со оштетен вид. Катерина дипломирала на Катедрата за социјална администрација на Универзитетот Демокрит од Тракија и магистрирала за Управување со здравствени единици на Грчкиот отворен универзитет.



Место за растење: Општини посветени на децата

## Меѓу говорниците од земјите на ЕУ:



**Јулија Вогербауер** е службеник за застапување и права на децата во УНИЦЕФ Австрија. Нејзината главна улога во моментов вклучува координација на иницијативата Kinderfreundliche Gemeinden (Заедници посветени на децата) во УНИЦЕФ Австрија. Оваа иницијатива, формирана во 2013 година, е посветена на нагласување на важноста од донесување одлуки погодни за децата на локално ниво, каде што децата се најмногу погодени. Работи во партнерство со непрофитното државно претпријатие „Familie und Beruf Management GmbH" и веќе има ангажирано над 300 општини низ Австрија. Пред да се приклучи на УНИЦЕФ Австрија, Јулија Вегербауер стекнала професионално искуство во академски и непрофитни институции, фокусирајќи се на теми како учество на деца и млади, инклузија и социјално претприемништво.

**М-р Елизабет Венцл** студирала право на Универзитетот во Виена, Австрија и има значително искуство со работа во јавниот сектор. Во моментов, таа е извршен директор на Familie & Beruf Management GmbH, австриското координативно тело за сите мерки што го олеснуваат успешното усогласување на работата и семејниот живот. Компанијата која е во државна сопственост ги координира ревизорските процеси за бизнисите, универзитетите, установите за нега и општините. Со своето долгогодишно искуство и нејзината широка мрежа на национално и меѓународно ниво, м-р Венцл стана водечки експерт во областа на усогласување на работата, семејството и приватниот живот.



Место за растење:
Општини посветени
на децата

# Меѓу говорниците од земјите на ЕУ:



**Хајке Тафелмајер** е воспитувачка одобрена од државата, и главно работи на згрижување деца и лица со попреченост. Магистрирала на Универзитетот за применети науки во Потсдам „Детски студии и права на децата“, каде се занимавала со теории на социологијата на детството, како и со структурите, предизвиците и интеркултурните аспекти на правата на децата во локален и глобален контекст.

Како претставник за деца и млади во еден мал град во Бранденбург, Хајке има за задача да им даде глас на децата и младите во политиката и администрацијата и да ги елаборира нивните гласови за мобилност, урбанистичко планирање и други теми. Нејзината сегашна работа во администрацијата е координирање на светската програма „Градови посветени на децата“ во Крефелд, град со 227.080 имигранти кој што се наоѓа веднаш до Дизелдорф и Келн.

КМОП СКОПЈЕ
Финансирано од Европска Унија
ЕУ со ТЕБЕ